**Барање:**

1. Обуки за јавни набавки на кои присуствувале вработените во вашето министерство во период 01.01.2023 до 31.05.2025 година со следните податоци за секоја обука поединечно:

- Датум на одржување на обуката;
- Место на одржување на обуката;
- Наслов на обуката;
- Колку лица присуствувале на обуката;
- Кој ја организирал обуката;
- Цена на чинење на обуката за 1 лице и
- Вкупен број на лица кои биле на обуки од областа на јавните набавки од вашето министерство во посочениот период.

**Одговор:**

Почитувани,

Во Врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известуваме следно:

**Реализирани обуки во областа на јавните набавка за персонал од Министертвото за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија**

**( период 2023-2025 година)**

Министерството за одбрана, односно **Директоратот за управување со човечки ресурси, образование и обука**, во перодот 2023-2025 година во континуитет организира и спроведува обуки од областа на градење интегрите меѓу кои се опфатени и обуки на теми од областа на јавните набавки.

Обуките од посочената област се дел од активностите планирани во Годишните планови на активности за градење интегритет меѓу Министерството за одбрана и Центарот за интегритет во одбранбениот сектор од Норвешка (CIDS).

Учесници на обуките е персонал од Министертвото за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Истите се наменети за зголемување на нивните вештини , примена на нови знаење и научени лекции во областа на јавните набавки.

Во период 2023-2025 година реализирани се вкупно 10 ( десет) обуки , на кои земале учество вкупно 192 ( сто деведесет и два) учесника;

Финансиски импликации при реализирање на обуката,:

Дел од финансиските импликации при спроведување на обуката се покриени од:

-Центарот за интегритет во одбранбениот сектор од Норвешка (CIDS) ( обезбедување на стручни лица / предавачи), материјали за обуките и обезбеден оброк за времетрање на обуките;

- Министерството за одбрана за : освежтелни пијалоци ( вода и кафе ) за учесниците и предавачите на обуките , во вкупен износ на сите реализирани обуки: 9.192,00 ( девет илјади сто деведесет и два) денари.

Прилог:

Преглед на реализирани обуки од областа на јавни набавки за период 2023-2025 .

**ПРЕГЛЕД**

**На обуки за јавни набавки**

**01.01.2023 до 31.05.2025 година**

| Ред. бр. | Наслов на обука | Датум на одржување | Место на одржување | Коилку лица учествувале | Кој ја организирал | Цена на чиње на обуката по лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Интегритет во јавни и одбранбени набавки | 31.01 и 01.02.2023 година | ЦОО „Д-р Цозеф Крузел“ | 18 | МО/Сектор за човечки ресурси | 30,00 |
| 2. | Спроведување на истражување на пазарот и пазарни консултации во процесите на јавни и одбранбени набавки | 25 и 26.04. 2023 година | ЦОО „Д-р Цозеф Крузел“ | 21 | МО/Сектор за човечки ресурси | 25,66 |
| 3. | Управување со договори во јавните и одбранбени набавки | 09 и 10.05. 2023 година | ЦОО „Д-р Цозеф Крузел“ | 19 | МО/Сектор за човечки ресурси | 26,54 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Евалуација на тендерите во процесите на јавни и одбранбени набавки - Однос меѓу ризиците за интегритет во планирањето на набавките, евалуацијата на тендерите и управувањето со договорите | 19 и 20.09. 2023 година | ЦОО „Д-р Џозеф Крузел“ | 18 | МО/Сектор за човечки ресурси | 27,27 |
| 5. | Методологија за управување со договори | 17 и 18.10. 2023 | Хотел „Ла тераца“, Дојран. | 19 | МО/Сектор за човечки ресурси | Обуката е финасирана од Центарот за интегрите во одбранбебниот сектор од Норвешка CIDS |
| 6. | Дизајнирање технички спецификации | 08 и 09.11.2023 година | ЦОО „Д-р Џозеф Крузел“ | 19 | МО/Сектор за човечки ресурси | 25,28 |
| 7. | Преглед на техничките спецификации | 26 и 27.03.2024 година | Онлај (Zoom) | 18 | МО/Сектор за човечки ресурси | 00 |
| 8. | Управување со ризици и регистар на ризици во јавните и одбранбени набавки | 06 и 07.11. 2024 година | Онлај (Zoom) | 22 | МО/Сектор за човечки ресурси | 00 |
| 9. | Воведување на критериуми во процесот на донесување одлуки и техники на преговарање во јавните и | 25 и 26.02. 2025 година | ЦОО „Д-р Џозеф Крузел“ | 20 | МО/Сектор за образование и обука | 30,52 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | одбранбените набавки | | | | | |
| 10. | Управување со средства и ризици во јавните и одбранбените набавки | 16 и 17.04.2025 година | ЦОО „Д-р Џозеф Крузел“ | 18 | МО/Сектор за образование и обука | 31,79 |
| **Вкупно** | **10 обуки** | | | **192** | | **Потрошени финасиски средства 9.192, 00 денари** |

Напомена: Обуките од посочената област се дел од активностите планирани во Годишните планови на активности за градење интегритет меѓу Министерството за одбрана и Центарот за интегритет во одбранбениот сектор од Норвешка (CIDS).

Согласно податоците со кои располага **Директоратот за аквизиција**, Ви доставуваме информација за обуки за јавни набавки на кои присуствувале 8 (осум) вработени од Министерство за одбрана во период од 01.01.2023 до 31.05.2025 година, за секоја обука поединечно, според следново:

Обука 1

1. Датум на одржување на обуката: **20.03.2024 година**
2. Место на одржување на обуката: **Скопје (хотел Квинс)**
3. Наслов на обуката: **Нова online платформа TED и практичен приказ на новата подобрена верзија на е-Пазарот**
4. Број на лица кои присуствувале на обуката: **4 (четири)**
5. Кој ја организирал обуката: **АЦТ ДОО Скопје**
6. Цена на обуката за 1 лице: **4.900,00 денари + 18% ДДВ**

Обука 2

1. Датум на одржување на обуката: **11-14.05.2024 година**
2. Место на одржување на обуката: **Виена**
3. Наслов на обуката: **Корисни укажувања за надминување на потенцијалните пропусти и грешки во планирањето и спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите за ЈН**
4. Број на лица кои присуствувале на обуката: **4 (четири)**

5. Кој ја организирал обуката: **Симпозион ДООЕЛ Скопје**
6. Цена на обуката за 1 лице: **котизација за обуката 8.500,00 денари**

Вкупно 200 лица од Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија биле на обуки од областа на јавните набавки во периодот од 01.01.2023 до 31.05.2025 година.